ДГМ
MAG
ДРУШТВО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN ASSOCIATION FOR GEOTECHNICS

Врз основа на член 17 и 35 од Статутот на Друштвото за геотехника на Македонија (ДГМ), Претседателот на ДГМ, за **21.2.2025** год. (петок) со почеток од 12:00 ч. свикува

**ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА ДГМ**

со следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1) Избор на работни тела на Собранието
2) Усвојување на Записник од претходното Собрание
3) Извештај на верификационата комисија
4) Предлози за доделување на стипендиите „проф. д-р Васил Витанов" на студенти од прв и втор циклус геотехничко инженерство
5) Предлози за доделување на Признанија и Благодарници на ДГМ
6) Одлука за доделување на награда за изработен докторат од област на геотехниката
7) Извештај за работата на ДГМ во 2024 год.
8) Извештај за финансиска состојба
9) Одлука за избор на нов претседател на Одделение на млади геотехничари за мандатен период 2025-2027
10) Одлука за ангажман на надворешен соработник за одржување и ажурирање на веб страна за Eurock 2026 и веб страната на ДГМ
11) Годишен план за активности на ДГМ во 2025 год.
12) Разно
13) Стручно предавање: Anıl Yunatcı, Ph.D., Geotechnical Engineer & Managing Director at Geodestek Ltd. Sti. “"Data-Driven Decision Making in Geotechnical Engineering Using Field Performance Monitoring”
14) Презентација на докторска дисертација (Бојан Јаневски)

Коктел

Забелешка:
- Годишното собрание ќе се одржи во Салата за конференции на Градежниот факултет во Скопје.
- Доколку сте спречени да земете учество во работата на Собранието, Ве молиме својата согласност или сугестии да ги испратите по електронски пат.

Со почит,

Претседател на ДГМ,

П. Игор

Во Скопје, 07.2.2025 год.

Проф. д-р Игор Пешевски

ДГМ
MAG
ДРУШТВО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN ASSOCIATION FOR GEOTECHNICS

# ЗАПИСНИК ОД ГОДИШНОТО СОБРАНИЕ НА ДГМ ОДРЖАНО НА 23.2.2024 ГОД.

Врз основа на член 17 и 35 од Статутот на Друштвото за геотехника на Македонија (ДГМ), Претседателот на ДГМ, на **23.2.2024** год. во **13:00 ч.**, свика Годишно собрание со

## ДНЕВЕН РЕД

1) Избор на работни тела на Собранието
2) Усвојување на Записник од претходното Собрание
3) Извештај на верификационата комисија
4) Предлози за доделување на стипендиите „проф. д-р Васил Витанов" на студенти од прв и втор циклус геотехничко инженерство
5) Предлози за доделување на Признанија и Благодарници на ДГМ
6) Предлог одлука за воведување и одлука за доделување на награда за изработен докторат од област на геотехниката
7) Одлука за подготовка на Лексиконот на ISSMGE на македонски јазик
8) Извештај за работата на ДГМ во 2023 год.
9) Извештај за финансиска состојба
10) Годишен план за активности на ДГМ во 2024 год.
11) Разно
12) Повикано предавање: Професор Решат Улусај од Турција "Main geotechnical characteristics of the 6 February 2023 Kahramanmaraş doublet earthquakes of Türkiye and lessons learned"
13) Презентација на докторски дисертации (Елена Ангелова, Наташа Неделковска)

Собранието беше отворено од Претседателот на ДГМ, вонр. проф. д-р Игор Пешевски, кој им се заблагодари на членовите за нивното присуство.

По усвојувањето на точките од дневниот ред, се пристапи кон нивен претрес, имајќи предвид дека материјалите беа претходно проследени до членовите на ДГМ.

1) Избор на работни тела на Собранието:
   За работните тела на Собранието беа предложени и потврдени: работно претседателство – д-р Игор Пешевски, д-р Драган Димитриевски и м-р Тони Китановски; верификациона комисија д-р Наташа Неделковска, м-р Мила Смиљановска; верификувачи на записникот – Васе Витанов и м-р Бојан Јаневски; додека записникот го водеше д-р Бојан Сусинов.

2) Усвојување на Записник од претходната седница
   Записникот од претходната седница беше усвоен едногласно.

3) Извештај на верификациона комисија
   Комисијата извести дека се исполнети условите за полноправно одлучување на Собранието.

4) Одлука за доделување на стипендијата „Проф. д-р Васил Витанов"
Стипендијата едногласно беше доделена на студентите кои ги исполнуват условите за добивање на истата.

5) Предлози за доделување на Признанија и Благодарници на ДГМ
   a. Одлука за Доделување признание за почесен член на Емеритус Професор Нориказу Шимицу од Јамагучи Универзитетот во Јапонија.
   Претседателот на ДГМ прочита куса биографија на проф. Шимицу и го претстави неговиот придонес за развојот на ДГМ, поттикнување и зајакнување на професионални, инженерским научни и техничко-технолошки идеи, после што даде предлог на Емеритус Проф. Шимицу да му се додели признание за Почесен член на ДГМ.
   b. Одлука за Доделување признание за заслужен член на проф. д-р Тихомир Николовски
   Претседателот на ДГМ прочита куса биографија на проф. Николовски и го претстави неговиот придонес за развојот на ДГМ, со нагласок на поттикнувањето и поддржувањето на иницијативите на членовите на ДГМ за научно-истражувачка работа, после што даде предлог на проф. Тихомир Николовски да му се додели признание за Заслужен член на ДГМ.
   c. Одлука за доделување на Благодарници на ДГМ
   Согласно Правилникот за доделување на признанија на ДГМ, а имајќи го предвид севкупниот допринност во областа на геотехниката во државата и пошироко, како на научен така и на професионален план, беше даден предлог за доделување на Благодарници на нашите долгогодишни членови: Стефан Нечевски, Видо Марковски, Ненад Кранго, Јане Црцаревски, Зоран Иловски, Јанко Мајновски, постхумно на Никола Медарски.

   Предлозите беа усвоени едногласно.

6) Предлог одлука за воведување и одлука за доделување на награда за Изработен докторат од област на геотехниката
Претседателот на ДГМ ја образложи предлог одлуката која ќе се доделува во насока на поддршка на новодокторираните инженери од областа на геотехниката, која првенствено е замислена да даде нивен стимул за понатамошно унапредување на знаењето во областа.
Потоа беа ставени на гласање предлог одлуката и одлуките за доделување на признанието на д-р. Елена Ангелова и д-р. Наташа Неделковска.

Предлог-одлуката и поединечните одлуки за двајцата доктори беа усвоени едногласно.

7) Одлука за подготовка на Лексиконот на ISSMGE на македонски јазик
Претседателот најпрвин даде признание за активностите од страна на повеќе членови на ДГМ во меѓународните стручни тела. Со цел понатамошно унапредување на полето на меѓународната соработка, усогласување на стручната терминологија и зголемување на видливоста на друштвото и државата, се предложи тим од Одделението за млади геотехничкари на чело со претседателот д-р Елена Ангелова да изработи превод на лексиконот на ISSMGE на Македонски јазик.
Одлуката беше усвоена едногласно.

8) Извештај за работата на ДГМ во 2023 год.
Претседателот ги презентираше активностите на членовите на ДГМ во 2023 год., а меѓу позначајните се издвојуват:

- Јануари-февруари: Подготовки и одржување на Годишно собрание за 2023; Подготовки за Годишно собрание за 2023 год.; Учество на неколку наши членови (преку видеоконференциска врска) на 2nd International Conference on ACE (Architectural, Civil, and Environmental) Forensic Engineering, Korean Geotechnical Society, 10-12.1.2023; Работа во рамки на телата и работилници при КОАИ, за изготвување на тарифник за инженерски услуги од областа на геотехниката; Проф. д-р Решат Улусај, претседател на ISRM и визитинг професор на ГФ, на 31.01. одржа онлајн предавање: Geo-engineering aspects on the structural stability and protection of historical man-made rock-hewn structures: highlighting the Cappadocia region of Turkey"; На 26.1. до ISRM се испратени трудовите од 5тиот симпозиум на ДГМ, кои се веќе објавени на платформата Onepetro. 6.2. На 24.2.2023 е одржано годишното собрание за 2022 година.
- Март-април: на 02-3.03. заедно со колеги од Geodestek од Турција, организиран е стручен курс на тема "Applied Geomechanical Modeling of Rock Mass Behaviour in light of Infrastructure Projects". 20 учесници од Македонија, Словенија, Србија, Косово, Црна Гора и Италија. За истакнување е дека доминантно учество имаа младите членови на ДГМ; на 22-24.3., CROCEE 2, Загреб, повикано предавање и усни презентации на колеги од ИЗИИС; на 12.04. во амфитеатарот на ГФ, проф. Ахмет Сагламер одржа предавање "Innovative Approaches in Geotechnical Engineering: Construction of Galata Cruise Port (Galataport)", на кое присуствуваа 60 учесници, најголемиот дел студенти на прв и втор циклус на студии на ГФ. За овој настан беше известено во списанието „Порта 3"; на 25.4., членови на ИО одржаа online состанок со проф. Лалуи во врска со организацијата на EYGEC 2024.
- Мај-јуни: на 04-6.5., учество на проф. Јовановски на 9та Конференција на Хрватското геотехничко друштво во Сисак, со презентација на научен труд; Учество на 2nd International conference of civil engineering – ICCE 2023 May 18-20, 2023, Tirana, Albania на проф. Јулијана Бојаџиева, со усмена и постер презентација; на 22-23.5. д-р Ник Бартон одржа предавања: Multiple aspects of shear strength во КОАИ, и The many faces of Q на ГФ. Присутни беа студенти од прв и втор циклус на студии од сите насоки, како и стручни и технички лица од праксата. Д-р Бартон се сретна со генералниот секретар на КОАОИ и даде интервју за списанието Пресинг; Во период 07-9.6. се одржа 17та Подунавско-европска конференција за геотехничко инженерство (17DECGE), во Букурешт. ДГМ беше присутен со шест учесници. Колегата Папиќ беше модератор на сесија и презентираше научен труд. Направени се контакти со соработници од регионот и компании кои би биле заинтересирани за делување на нашиот пазар; На ГФ, во периодот 26-30.6. одржан е еднонеделен курс на тема: New trends in geotechnical monitoring for slow-moving landslides and subsidence risk analysis, на кој предавачи беа проф. Дарио Педуто и д-р Ѓанфранко Никодемо од Универзитетот во Салерно – Италија. Учество земаа 15 докторанти и млади доктори, од повеќе единици на УКИМ и од Универзитот „Гоце Делчев" од Штип.
- Јули-август: Активности за изработка на веб страна на конференцијата EYGEC2024, со активно вклучување на младите членови на ДГМ со богати сугестии и идеи во врска со организацијата на настанот; Во период од 10-14.07. Во КОАОИ одржани обуки за примена на Еврокодови – Геотехничко проектирање според Еврокод 7. Во период 14-18.8. е одржан состанок на Советот на ISSMGE и 17th Азиска регионална конференција

за механика на почви и геотехника во Астана, Казахстан, каде нè застапуваше д-р Елена Ангелова (презентираше и труд) и потпишан е трилатерален меморандум за соработка помеѓу националните геотехнички друштва на Казахстан, Ирак и Македонија.

- Септември: на 06.9. се одржа состанок на Европските геотехнички друштва со тема "Harnessing our European geotechnical community to new frontiers to better serve society" Лозана. Учествуваа 17 здруженија, а ДГМ беше присутен со дискусии преку видео-конференциска врска; на 08.9. извршена е номинација на проф. д-р Јосифовски за претседател на ТК40 Еврокодови и национални анекси при ИСРСМ; во период 14-15.9. одржана е конференцијата Synarg 2023, Ниш, каде со усмена и постер презентација учествуваа колегите Тони Китановски и Дејан Ивановски; на 14-15.9. одржана е конференцијата SECED 2023 Conference Earthquake Engineering & Dynamics for a Sustainable Future, Cambridge, UK, каде проф. Јулијана Бојаџиева имаше усмена презентација; на 15.9. се испратени покани за номинација на учесници на EYGEC2024 до националните друштва од Европа, покани до повикани предавачи и потенцијални спонзори, извршено е уредување на веб страната на конференцијата; на 18.9. е поднесен извештај до потпретседател на ISRM за Европа за активности на национална група за механика на карпи за период 2022-2023; На 28.9. повеќе членови на ДГМ зедоа учество на 20тиот Симпозиум на ДГКМ, со презентации на трудови и водење на сесии.

- Октомври-ноември: Во рамките на „Геотехнички денови на Комората“ во организација на Одделението за геотехника при КОАИ, на 12.10. се одржа предавање на тема: „Геосинтетички зајакнувања на почви (армирана земја) во транспортната инфраструктура“. Предавачи беа проф. д-р Бојан Жлендер од Факултетот за градежништво, транспортно инженерство и архитектура во Марибор, д-р Станислав Ленарт од ZAG и Борис Богоевски од Геоглобал, Скопје; Во период 9-14.10. одржан е 15ти Меѓународен конгрес на ISRM & 72ри Колоквиум за геомеханика. На ДГМ му е доверена организацијата на регионалната конференција на ISRM, EUROCK за 2026; ДГМ доби награда за Најдобра национална група (Best Performing National Group of ISRM) за период 2021-2023 год; проф. д-р Милорад Јовановски е избран за потпретседател на ISRM за мандатен период 2023-2027; д-р Игор Пешевски имаше презентација на стручен труд. Остварени се контакти на повеќе нивоа, со стручни лица и компании од областа на механика на карпи во светски рамки. Овие информации се објавени во списанијата Порта 3 и Пресинг; На 19.10. проф. д-р Јовановски учествуваше на конференција GEO-EXPO 2023, во организација на Друштвото за геотехника на БиХ во Мостар, со презентација на повикан труд; На 20.10. одржан е состанок на Одделението за геотехника при КОАИ, со единствена точка на разгледување на предлог-верзија на Закон за градба и Правилник за категоризација на објекти, од кое е испратено писмо до Министерот за транспорт и врски, со забелешки по однос на Законот и Правилникот. Во период 01-3.11. одржана е третата конференција на регионалните друштва за геотехника во рамки на Меѓународното научно-стручно советување „Геотехнички аспекти на градежништвото и земјотресно инженерство“ во Врњачка Бања. На проф. Јовановски му е доделена Повелба за почесен член, а на вонр. проф. Папиќ за Заслужен член на Сојузот на градежни инженери на Србија. Колегите воедно имаа презентации на реферати и модерирање на сесија; Во период 02-3.11. е одржана прва конференција за патна инфраструктура: Искуства, предизвици и перспективи, Охрид. Учество во дебатни панел дискусии имаа проф. Јосифовски и д-р

Драган Димитриевски; Учество на World Landslide Forum во Фиренца, Италија и вклучување на ДГМ во новите членови и потписници на KLC2020 од International Consortium of Landslides (ICL). Презентиран е труд на д-р Бојаџиева и колеги од ИЗИИС; На 30.11. проф. Папиќ одржа предавање во Сараево на семинар за Еврокод 7, организиран од Здружението на инженери геотехничари во БиХ, со 120 учесници од БиХ и регионот; Во период 30.11.-01.12., е одржан 13$^{th}$ Workshop on seismic microzonation and risk reduction, Alicante, Spain, каде презентации имаше проф. Един.

- Декември: На 21.12. одржана е обука за „Примена на геомрежи и проектирање со софтвер Tensar+“; Истиот ден излагање на стручен труд имаше д-р Драган Димитриевски, во рамки на Годишно собрание на ЗМКГБ; Публикувана збирка задачи по механика на почви од колегата Папиќ; Повеќе членови на ДГМ зедоа активно учество во изработка на Просторен план за државата.
- Реализирани бројни активности поврзани со организацијата на EYGEC 2024 и EUROCK 2026.
- Искористен е дел од финансиската поддршка од претседателот на ISSMGE, д-р Марк Балуз за покривање трошоци за учество на стручни конференции на младите геотехничари.

9) Извештај за финансиската состојба

За финансиската реализација и годишната пресметка беше доставен материјал во електронска форма за состојбата на двете сметки на Друштвото. Главни столбови врз кои се потпира финансиското работење се уплатите од спонзорите во вид на (котизации) донации, а значајна помош се и членарините собрани врз основа на потпишаните меморандуми за соработка со поголем број компании. Од овие средства, покриени се расходи:

- Поситни трошоци за банкарски провизии;
- Административни трошоци (адвокатски услуги);
- Трошоци поврзани со конференцијата EYGEC2024;
- Уплата на школарини за студенти по геотехника;
- Годишни членарини за ISSMGE, Институт за стандардизација на РСМ, ISRM;
- Одржување на домен mag.net.mk;
- Сметководство.

Претседателот ја презентираше истата детално и заклучи дека состојбата на сметката е поволна за здружение од ваков карактер и овозможува покривање на проектираните трошоци во тековната година. Со оглед на константните одливи поврзани со континуирано членување во значајни меѓународни асоцијации од областа на геотехника, иако свесни и за потешките околности на работа во услови на пандемија и финансиски ограничувања, се апелираше за редовно покривање на корпоративните членарини на фирмите во ДГМ.

10) Годишен план за активности на ДГМ за 2024 год.

Претседателот даде објаснување за активностите кои се предвидени за 2024 год:

- ДГМ ќе ги следи состојбите со Законот за градење и Ценовникот за инженерски услуги, и ќе се продолжи комуникацијата со засегнатите асоцијации, друштва и институции. ДГМ ќе се залага за доследна примена на ценовникот. Ко-организација на симпозиум со Ирачко и Казахстанско геотехничко друштво.

- Централно место ќе завземе организацијата на EYGEC2024, за што во периодот до одржувањето на настанот во месец јуни ќе биде потребна поддршка, особено од младите членови на ДГМ.
- Активности поврзани со организација и промоција на EUROCK кој во 2026 година ќе се одржи во Скопје.
- Во соработка со Одделението за геотехника при КОАОИ ќе се организираат повеќе активности, во рамки на „Геотехнички денови“;
- Продолжување со учество во работата на ТК 11 при ИСРСМ.
- Членови на ИО на ДГМ ќе земат учество на редовните состаноци на Советот на ISSMGE и состаноци на европските друштва на ISSMGE и ISRM.
- ДГМ ќе организира предавања на еминентни предавачи на различни теми од областа на геотехниката.
- Избор на претседател на Одделение на млади геотехничари за мандатен период 2024-2026.
- За потреби на користење на точна стручна терминологија, ќе се продолжи со ажурирање и преведување на лексиконот на ISSMGE, од страна на Одделението за млади геотехничари.
- Други планирани учества на конференции.
- Активности за промоција на студиите по геотехничко инженерство, преку телата на ГФ и самостојно преку членовите на ДГМ.
- Информации за случувањата ќе се објавуваат и на интернет-страната mag.net.mk, која ќе продолжи да се одржува од страна на Одделението на млади геотехничари.
- Активности за подобрување на интернет-страната на ДГМ.

11) Разно
Во делот на затворањето на точките од Дневниот ред, Претседателот се заблагодари на фирмите кои пружаат поддршка на работата на ДГМ и потсети за потребата од покривање на корпоративната чланарина во ДГМ.

12) Повикано предавање: Професор Решат Улусај од Турција “Main geotechnical characteristics of the 6 February 2023 Kahramanmaraş doublet earthquakes of Türkiye and lessons learned”

13) Презентација на докторски дисертации на Елена Ангелова и Наташа Неделковска

Во рамките на затворањето на Годишното собрание, Претседателот се заблагодари за бројното присуство и дадената поддршка во работата на Собранието и на ДГМ.
Собранието беше затворено во 16:00 ч.

Записничар,
д-р Бојан Сусинов

Верификувачи на записник,
Васе Витанов
м-р Бојан Јаневски

ДГМ
MAG
ДРУШТВО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN ASSOCIATION FOR GEOTECHNICS

Врз основа на член 6 и член 16 од Статутот на ДГМ, Собранието на ДГМ на седница одржана на ден 21.2.2025 год. донесува

# О Д Л У К А
# З А  Д О Д Е Л У В А Њ Е  Н А  С Т И П Е Н Д И Ј А Т А
# „П Р О Ф.  Д - Р  В А С И Л  В И Т А Н О В“

1. Друштвото за геотехника на Македонија ја доделува стипендијата на успешни студенти од студиската програма по геотехника на Градежниот факултет – Скопје.

2. Стипендијата се доделува од ДГМ, а со цел поддршка и мотивирање на најуспешните студенти запишани на прв и втор циклус студии на насоката Геотехничко инженерство при Градежниот факултет – Скопје.

3. Стипендијата се доделува на најмногу до пет студенти запишани на прв циклус на студии, зависно од успехот покажан во првиот семестар од студирањето.

4. Студентот го задржува правото за ослободување од партиципација доколку исполни услови за следење на 80% од наставната програма за следната академска година и да положи минимум 80% од испитите од претходната година;

5. Доколку студентот продолжи да ги исполнува условите за ослободување од партиципација до завршувањето на првиот циклус на студии, му се овозможува ослободување од плаќање на партиципација и во вториот циклус на студии.

Извршниот одбор ги разгледа кандидатите кои се запишани на студиските програми од прв и втор циклус и констатираше дека условите ги исполнуваат следните студенти.

| Прв циклус на студии | Втор циклус на студии |
|---|---|
| • Цесар Антонио Наранјо (I година) | • Веселина Јованоска (I година) |
| • Стефан Гацов (I година) | • Деспина Војноска (I година) |
| • Ангел Ризов (I година) | • Ангела Наумческа (II година) |
| • Филип Сотировски (I година) | • Михаела Данилоска (II година) |

3. Одлуката стапува во сила на денот на одржување на Годишното собрание на ДГМ.

Друштво за геотехника на Македонија

Претседател,

Вонр. проф. д-р Игор Пешевски

ДГМ MAG ДРУШТВО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN ASSOCIATION FOR GEOTECHNICS

Врз основа на член 12 од Статутот на ДГМ, како и Правилникот за доделување на признанија, Собранието на ДГМ, на предлог на Извршниот одбор на ДГМ, на седница одржана на ден 21.2.2025 год. донесува

**О Д Л У К А**
**З А Д О Д Е Л У В А Њ Е Н А П Р И З Н А Н И Е**

**ПОЧЕСЕН ЧЛЕН НА ДРУШТВОТО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА**

1. Друштвото за геотехника на Македонија доделува признание за **Почесен член** на професор Дитмар Адам од Технички универзитет Виена, Австрија.

2. Признанието се доделува поради придонес во следните полиња:

- Посебно признание за придонесот во работата на здружението и за развојот на геотехниката во Македонија воопшто;
- Поттикнување и зајакнување на размената на професионални, инженерски, научни и техничко-технолошки идеи, трансфер на научно-истражувачки, развојно-технички и проектански знаења и информации помеѓу наставно-научните, стручните меѓународни друштва и истражувачките организации од обласла на геотехниката;
- Одржување на стручни предавања во рамки на националните геотехнички собири во Македонија, научни конференции за млади инженери и предавања за студенти од прв и втор циклус на студии;
- Организирање на соработка со сите организации кои се занимаваат со прашања од интерес за геотехниката кај нас и во странство, а особено од областа механика на почви и примена на енергетски ефикасни геотехнички конструкции;
- Соработка со соодветни меѓународни и домашни асоцијации заради размена на информации, публикации, организирање на стручни предавања;
- Нега и развој на етиката на инженерско-техничкото во областа на геотехниката и грижа за чување, заштита и подигнување на јавниот и професионалниот углед на здружението и членовите на здружението.

3. Одлуката стапува во сила на денот на одржување на Годишното собрание на ДГМ.

Друштво за геотехника на Македонија
Претседател,
П. Игор
Вонр. проф. д-р Игор Пешевски

ДГМ
MAG
ДРУШТВО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN ASSOCIATION FOR GEOTECHNICS

Врз основа на член 12 од Статутот на ДГМ, како и Правилникот за доделување на признанија, Собранието на ДГМ, на предлог на Извршниот одбор на ДГМ, на седница одржана на ден 21.2.2025 год. донесува

**О Д Л У К А**
**З А Д О Д Е Л У В А Њ Е Н А П Р И З Н А Н И Е**

**ПОЧЕСЕН ЧЛЕН НА ДРУШТВОТО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА**

1. Друштвото за геотехника на Македонија доделува признание за **Почесен член** на проф. д-р Благоја Марковски.

2. Признанието се доделува поради придонес во следните полиња:
   - Стимулирање на современиот развој на науката, едукацијата и практиката во поширокатa областа на геотехниката, поврзано со аспектите на одржливо управување со природните ресурси и природни реткости;
   - Поттикнување и зајакнување на размената на професионални, инженерски, научни и техничко-технолошки идеи, како и трансфер на научно-истражувачки, развојно-технички и проектански знаења и информации помеѓу наставно-научните и истражувачките организации, развојните и проектанските служби и производните претпријатија од областа на геотехниката;
   - Поттикнување и поддржување на иницијативите на членови на ДГМ за научно-истражувачка работа, како и примена на научно-истражувачките резултати во областа на геотехниката;
   - Подигнување на соработката на членовите на геотехничката заедница со сродните области во доменот на својата активност.

3. Одлуката стапува во сила на денот на одржување на Годишното собрание на ДГМ.

Друштво за геотехника на Македонија
Претседател,

Вонр. проф. д-р Игор Пешевски

ДГМ
MAG
ДРУШТВО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN ASSOCIATION FOR GEOTECHNICS

Врз основа на член 12 од Статутот на ДГМ, како и Правилникот за доделување на признанија, Собранието на ДГМ, на предлог на Извршниот одбор на ДГМ, на седница одржана на ден 21.2.2025 год. донесува

**ОДЛУКА**
**ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПРИЗНАНИЕ**

**БЛАГОДАРНИЦА НА ДРУШТВОТО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА**

1. Друштвото за геотехника на Македонија доделува **Благодарница** на Драги Атанасовски.

2. Признанието се доделува поради придонес во следните полиња:
- Организирање на соработка со сите организации кои се занимаваат со прашања од интерес за геотехниката кај нас и во странство;
- Соработка со соодветни домашни асоцијации заради размена на информации, знаење, публикации;
- Нега и развој на етиката на инженерско-техничкото во областа на геотехниката и грижа за чување, заштита и подигнување на јавниот и професионалниот углед на здружението и членовите на здружението;
- Придонес во дообучување на младиот стручен кадар во практиката;
- Поттикнување и поддржување на иницијативите на членови на ДГМ за научно-истражувачка работа, како и примена на научно-истражувачките резултати во областа на геотехниката.

3. Одлуката стапува во сила на денот на одржување на Годишното собрание на ДГМ.

Друштво за геотехника на Македонија
Претседател,
П. Игор
Вонр. проф. д-р Игор Пешевски

ДГМ
MAG
ДРУШТВО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN ASSOCIATION FOR GEOTECHNICS

Врз основа на член 12 од Статутот на ДГМ, како и Правилникот за доделување на признанија, Собранието на ДГМ, на предлог на Извршниот одбор на ДГМ, на седница одржана на ден 21.2.2025 год. донесува

**О Д Л У К А**
**З А  Д О Д Е Л У В А Њ Е  Н А  П Р И З Н А Н И Е**

**БЛАГОДАРНИЦА НА ДРУШТВОТО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА**

1. Друштвото за геотехника на Македонија доделува **Благодарница** на Љубомир Китановски.

2. Признанието се доделува поради придонес во следните полиња:
- Организирање на соработка со сите организации кои се занимаваат со прашања од интерес за геотехниката кај нас и во странство;
- Соработка со соодветни домашни асоцијации заради размена на информации, знаење, публикации;
- Нега и развој на етиката на инженерско-техничкото во областа на геотехниката и грижа за чување, заштита и подигнување на јавниот и професионалниот углед на здружението и членовите на здружението;
- Придонес во дообучување на младиот стручен кадар во практиката;
- Поттикнување и поддржување на иницијативите на членови на ДГМ за научно-истражувачка работа, како и примена на научно-истражувачките резултати во областа на геотехниката.

3. Одлуката стапува во сила на денот на одржување на Годишното собрание на ДГМ.

Друштво за геотехника на Македонија
Претседател,

Вонр. проф. д-р Игор Пешевски

Врз основа на член 12 од Статутот на ДГМ, како и Правилникот за доделување на признанија, Собранието на ДГМ, на предлог на Извршниот одбор на ДГМ, на седница одржана на ден 21.2.2025 год. донесува

**О Д Л У К А**
**З А  Д О Д Е Л У В А Њ Е  Н А  П Р И З Н А Н И Е**

**БЛАГОДАРНИЦА НА ДРУШТВОТО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА**

1. Друштвото за геотехника на Македонија доделува **Благодарница** на Душко Спировски.

2. Признанието се доделува поради придонес во следните полиња:
- Организирање на соработка со сите организации кои се занимаваат со прашања од интерес за геотехниката кај нас и во странство;
- Соработка со соодветни домашни асоцијации заради размена на информации, знаење, публикации;
- Нега и развој на етиката на инженерско-техничкото во областа на геотехниката и грижа за чување, заштита и подигнување на јавниот и професионалниот углед на здружението и членовите на здружението;
- Придонес во дообучување на младиот стручен кадар во практиката;
- Поттикнување и поддржување на иницијативите на членови на ДГМ за научно-истражувачка работа, како и примена на научно-истражувачките резултати во областа на геотехниката.

3. Одлуката стапува во сила на денот на одржување на Годишното собрание на ДГМ.

Друштво за геотехника на Македонија
Претседател,
П. Игор
Вонр. проф. д-р Игор Пешевски

Врз основа на член 12 од Статутот на ДГМ, како и Правилникот за доделување на признанија, Собранието на ДГМ, на предлог на Извршниот одбор на ДГМ, на седница одржана на ден 21.2.2025 год. донесува

**О Д Л У К А**
**З А  Д О Д Е Л У В А Њ Е  Н А  П Р И З Н А Н И Е**

**БЛАГОДАРНИЦА НА ДРУШТВОТО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА**

1. Друштвото за геотехника на Македонија доделува **Благодарница** на Маја Петровска.

2. Признанието се доделува поради придонес во следните полиња:
   - Организирање на соработка со сите организации кои се занимаваат со прашања од интерес за геотехниката кај нас и во странство;
   - Соработка со соодветни домашни асоцијации заради размена на информации, знаење, публикации;
   - Нега и развој на етиката на инженерско-техничкото во областа на геотехниката и грижа за чување, заштита и подигнување на јавниот и професионалниот углед на здружението и членовите на здружението;
   - Придонес во дообучување на младиот стручен кадар во практиката;
   - Поттикнување и поддржување на иницијативите на членови на ДГМ за научно-истражувачка работа, како и примена на научно-истражувачките резултати во областа на геотехниката.

3. Одлуката стапува во сила на денот на одржување на Годишното собрание на ДГМ.

Друштво за геотехника на Македонија
Претседател,

Вонр. проф. д-р Игор Пешевски

ДГМ
MAG
ДРУШТВО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN ASSOCIATION FOR GEOTECHNICS

Врз основа на член 12 од Статутот на ДГМ, како и Правилникот за доделување на признанија, Собранието на ДГМ, на предлог на Извршниот одбор на ДГМ, на седница одржана на ден 21.2.2025 год. донесува

**О Д Л У К А**
**З А  Д О Д Е Л У В А Њ Е  Н А  П Р И З Н А Н И Е**

**БЛАГОДАРНИЦА НА ДРУШТВОТО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА**

1. Друштвото за геотехника на Македонија доделува **Благодарница** на Дончо Божинов.

2. Признанието се доделува поради придонес во следните полиња:
   - Организирање на соработка со сите организации кои се занимаваат со прашања од интерес за геотехниката кај нас и во странство;
   - Соработка со соодветни домашни асоцијации заради размена на информации, знаење, публикации;
   - Нега и развој на етиката на инженерско-техничкото во областа на геотехниката и грижа за чување, заштита и подигнување на јавниот и професионалниот углед на здружението и членовите на здружението;
   - Придонес во дообучување на младиот стручен кадар во практиката;
   - Поттикнување и поддржување на иницијативите на членови на ДГМ за научно-истражувачка работа, како и примена на научно-истражувачките резултати во областа на геотехниката.

3. Одлуката стапува во сила на денот на одржување на Годишното собрание на ДГМ.

Друштво за геотехника на Македонија
Претседател,

Вонр. проф. д-р Игор Пешевски

ДГМ
MAG
ДРУШТВО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN ASSOCIATION FOR GEOTECHNICS

Врз основа на член 12 од Статутот на ДГМ, како и Правилникот за доделување на признанија, Собранието на ДГМ, на предлог на Извршниот одбор на ДГМ, на седница одржана на ден 21.2.2025 год. донесува

**ОДЛУКА**
**ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА БЛАГОДАРНИЦА**

## БЛАГОДАРНИЦА НА ДРУШТВОТО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА

1. Друштвото за геотехника на Македонија доделува **Благодарница** на компанијата GEOBRUGG AG.

2. Признанието се доделува поради придонес во следните полиња:
   - Организирање на стручни настани за членовите на ДГМ, во форма на презентации, кратки курсеви и бесплатни обуки;
   - Финансиска и техничка поддршка при организација на домашни и меѓународни настани организирани од страна на ДГМ;
   - Поттикнување на иновативноста на геотехничките инженери, преку промоција на нови материјали и методи во областа на геотехниката;
   - Поттикнување и поддржување на иницијативите на членови на ДГМ за научно-истражувачка работа.

3. Одлуката стапува во сила на денот на одржување на Годишното собрание на ДГМ.

Друштво за геотехника на Македонија
Претседател,
П. Игор
Вонр. проф. д-р Игор Пешевски

ДГМ
MAG
ДРУШТВО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN ASSOCIATION FOR GEOTECHNICS

Врз основа на член 12 од Статутот на ДГМ, како и Правилникот за доделување на признанија, Собранието на ДГМ, на предлог на Извршниот одбор на ДГМ, на седница одржана на ден 21.2.2025 год. донесува

**О Д Л У К А**
**З А  Д О Д Е Л У В А Њ Е  Н А  Б Л А Г О Д А Р Н И Ц А**

**БЛАГОДАРНИЦА НА ДРУШТВОТО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА**

1. Друштвото за геотехника на Македонија доделува **Благодарница** на компанијата FRIEDR. ISCHEBECK GMBH.

2. Признанието се доделува поради придонес во следните полиња:
   - Организирање на стручни настани за членовите на ДГМ, во форма на презентации, кратки курсеви и бесплатни обуки;
   - Финансиска и техничка поддршка при организација на домашни и меѓународни настани организирани од страна на ДГМ;
   - Поттикнување на иновативноста на геотехничките инженери, преку промоција на нови материјали и методи во областа на геотехниката;
   - Поттикнување и поддржување на иницијативите на членови на ДГМ за научно-истражувачка работа.

3. Одлуката стапува во сила на денот на одржување на Годишното собрание на ДГМ.

Друштво за геотехника на Македонија
Претседател,

Вонр. проф. д-р Игор Пешевски

ДГМ
MAG
ДРУШТВО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN ASSOCIATION FOR GEOTECHNICS

Врз основа на член 12 од Статутот на ДГМ, како и Правилникот за доделување на признанија, Собранието на ДГМ, на предлог на Извршниот одбор на ДГМ, на седница одржана на ден 21.2.2025 год. донесува

# ОДЛУКА
# ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА БЛАГОДАРНИЦА

## БЛАГОДАРНИЦА НА ДРУШТВОТО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА

1. Друштвото за геотехника на Македонија доделува **Благодарница** на компанијата STATIKER d.o.o.

2. Признанието се доделува поради придонес во следните полиња:
   - Организирање на стручни настани за членовите на ДГМ, во форма на презентации, кратки курсеви и бесплатни обуки;
   - Финансиска и техничка поддршка при организација на домашни и меѓународни настани организирани од страна на ДГМ;
   - Поттикнување на иновативноста на геотехничките инженери, преку промоција на нови материјали и методи во областа на геотехниката;
   - Поттикнување и поддржување на иницијативите на членови на ДГМ за научно-истражувачка работа.

3. Одлуката стапува во сила на денот на одржување на Годишното собрание на ДГМ.

Друштво за геотехника на Македонија
Претседател,

Вонр. проф. д-р Игор Пешевски

ДГМ
MAG
ДРУШТВО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN ASSOCIATION FOR GEOTECHNICS

Врз основа на член 12 од Статутот на ДГМ, како и Правилникот за доделување на признанија, Собранието на ДГМ, на предлог на Извршниот одбор на ДГМ, на седница одржана на ден 21.2.2025 год. донесува

**О Д Л У К А**
**З А Д О Д Е Л У В А Њ Е Н А Б Л А Г О Д А Р Н И Ц А**

**БЛАГОДАРНИЦА НА ДРУШТВОТО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА**

1. Друштвото за геотехника на Македонија доделува **Благодарница** на компанијата GEODESTEK Ltd. Şti.

2. Признанието се доделува поради придонес во следните полиња:
- Организирање на стручни настани за членовите на ДГМ, во форма на презентации, кратки курсеви и обуки;
- Финансиска и техничка поддршка при организација на домашни и меѓународни настани организирани од страна на ДГМ;
- Поттикнување на иновативноста на геотехничките инженери, преку промоција на нови технички и методи во областа на геотехниката;
- Поттикнување и поддржување на иницијативите на членови на ДГМ за научно-истражувачка работа.
- Поддршка на студенти од насока геотехничко инженерство при изработка на трудови

3. Одлуката стапува во сила на денот на одржување на Годишното собрание на ДГМ.

Друштво за геотехника на Македонија
Претседател,
П. Игор
Вонр. проф. д-р Игор Пешевски

ДГМ
MAG
ДРУШТВО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN ASSOCIATION FOR GEOTECHNICS

Врз основа на член 12 од Статутот на ДГМ, како и Правилникот за доделување на признанија, Собранието на ДГМ, на предлог на Извршниот одбор на ДГМ, на седница одржана на ден 21.2.2025 год. донесува

# ОДЛУКА
# ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПРИЗНАНИЕ

## ИЗРАБОТЕН ДОКТОРСКИ ТРУД ОД ОБЛАСТА НА ГЕОТЕХНИКАТА

1. Друштвото за геотехника на Македонија доделува Признание за изработен докторски труд од областа на геотехниката, на д-р Бојан Јаневски, дипл. инж. геот.

2. Признанието се доделува за завршен трет циклус на студии и успешно одбранет докторски труд од областа на геотехниката на тема: „Интегрална методологија за проценка на ризик од појава на нестабилност кај карпести маси со слаб квалитет“, на ден 03.10.2024 год., при Градежниот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

3. Одлуката стапува во сила на денот на одржување на Годишното собрание на ДГМ.

Друштво за геотехника на Македонија
Претседател,
П. Игор
Вонр. проф. д-р Игор Пешевски

ДГМ
MAG
ДРУШТВО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN ASSOCIATION FOR GEOTECHNICS

Врз основа на член 24 од Статутот на Друштвото за геотехника на Македонија (ДГМ), Собранието на ДГМ на својата Седница одржана на 23.2.2024 год. го разгледа поднесениот

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДГМ ЗА 2024 ГОДИНА**

## 1. ОПШТО

Во овој Извештај се презентирани активностите на ДГМ во текот на 2024 год., кои претежно се засновани врз стекнатите традиции во претходните години на делување. Како и тогаш, и сега главна цел е да се задржи континуитетот во исполнување на програмските определби, да се обезбеди доследно вршење на мисијата на Друштвото и да се создадат услови за негов натамошен развој.

## 2. АКТИВНОСТИ НА ИЗВРШНИОТ ОДБОР И ТЕЛАТА НА ДГМ

Како и претходните години, активностите кои се извршуваа во 2024 год. во најголем дел беа дефинирани на претходната седница на Годишното собрание, од која погоре е даден Записникот. Во текот на годината, покрај подолу изнесеното, се вршеа консултации во рамките на Извршниот одбор (ИО), дел преку електронски медиуми, дел со состаноци со физичко присуство, на кои се даваше пресек на реализираните работи, се дискутираа тековни случувања и се усвојуваа следни чекори на делување. Во продолжение се дава хронолошки преглед на активностите за 2024 год.

- Јануари:
    1. Подготовки за Годишно собрание за 2024 год.
    2. Учество на неколку наши членови (преку видеоконференциска врска) на 3$^{nd}$ International Conference on ACE (Architectural, Civil, and Environmental) Forensic Engineering, Korean Geotechnical Society, 23-25.1.2024.
    3. Дадена поддршка за Живко Поповски - Цветин (наш поддржувач при DECGE) при номинација за Нобелова награда за мир.
- Февруари:
    1. 01-02.2. Учество на претседателот на ДГМ на 14$^{th}$ Austrian Geotechnical Conference on Geotechnics, како почесен гостин, на покана на проф. Адам од ТУ Виена.
    2. 23.2. Одржано Годишното собрание за 2023 год., со повикано предавање на визитинг професор Решат Улусај од Турција: “Main geotechnical characteristics of the 6 February 2023 Kahramanmaraş doublet earthquakes of Türkiye and lessons learned”.
    3. Активности поврзани со организација на EYGEC2024, во најголем дел реализирани од одделение за млади геотехничари.

- Март:

1. 11.2. Во Лондон е одржан 3rd ISSMGE European National Societies Assembly, каде ДГМ беше застапено од проф. д-р Слободан Мицковски.
2. 27.2.-03.3. Состанок на Одбор на ИСРМ, Коста Рика. Учество на проф. Милорад Јовановски, во својство на потпретседател на ISRM. Одборот одобри ISRM комисија на тема Risks and Reliability in Rock Slope Engineering, формирана на иницијатива на проф. Јовановски.

- Април:

1. 02.4. Одржан состанок со Heritage time capsule (HTC) тимот на ISSMGE, поврзано со организирање на сесија во рамки на EYGEC 2024.
2. 18.4. Проф. Јовановски одржа online презентација на труд во рамки на 4-та Меѓународна конференција за геотехничко инженерство во Ирак, каде ДГМ беше коорганизатор а наши членови дел од научниот одбор.
3. 18-19.4. Предавања во КОАОИ и на ГФ од претставници на реномираната компанија Arcelor Mittal: Steel sheet pile – general introduction, од Валерија Ајковиќ; Steel sheet pile installation, од Ернст Вебер, и Natural hazards in the context of climate change, од Шилтон Рика.
4. 24.4. Учество на поголем број членови на ДГМ на Webinar 'Second Generation of Eurocode 7 – Rock engineering' во организација на ISSMGE ERTC10, CEN/TC 250/SC7 и NEN.

- Мај:

1. 07-10.5. Учество на 8-ма Меѓународна конференција за земјотресно геотехничко инженерство (8ICEGE) во Осака (проф. Влатко Шешов, д-р Елена Ангелова), каде, заедно со Хрватското геотехничко друштво, е успешно поднесена кандидатура за организирање на 9ICEGE.
2. 15.5. На Меѓународниот балкански универзитет (МБУ) во Скопје се одржа Erasmus+ Spring International Staff Week, на кој д-р Ајдин Демир, од Универзитето Сакарја во Турција одржа предавање и работилница на тема градежништво и компјутерско инженерство.
3. 15-18.5. Во Белград, се одржа 6-ти Регионален симпозиум за свлечишта во јадранско-балкански регион ReSyLAB. Повеќе членови на ДГМ земаа значајно учество, со повикани предавања, клучни предавања, водители на сесии и презентери на трудови. Колешката д-р. Наташа Неделковска доби награда за најдобар постер. Воедно, беа остварени средби со потенцијални предавачи за Eurock2026 и во врска со организација на следен Resylab.
4. 16-17.5. Во рамки на „Геотехнички денови во Комората“, стручно предавање „Искуства и стратегии за справување со нестабилности кај косините и појавата на свлечишта во Јужна Италија“ одржа доц. д-р Вито Тагарели од Политехничкиот универзитет во Бари. Тој воедно одржа и

предавање „Свлечишта предизвикани од интеракцијата помеѓу косината, вегетацијата и атмосферата и решенија базирани на природни материјали“ за студентите на прв и втор циклус студии на ГФ.

5. 17.5. Во КОАОИ беше реализирана работилница за „Проектирање на потпорни конструкции од армирана земја“.
6. 30.5. Учество на проф. Јовановски на Шести конгрес на Македонско географско друштво, Охрид.
7. 28-30.5 Учество на докторанд Н. Петров на тренинг школа во Мадрид, Energy Geostructures: Implementation, во рамките на COST CA21156 - European network for FOstering Large-scale ImplementAtion of energy GEostructure (FOLIAGE).

- Јуни:
  1. 24.6. Нико Бруса и Пол Киган од Тејлор Инженеринг, Италија, одржаа предавање под наслов “Sustainable earthworks and soil stabilisation with innovative geosynthetics and geosystems” во КОАОИ;
  2. 25-29.6. Во Демир Капија се одржа 28-ма Европска конференција за млади геотехничари - EYGEC 2024, што беше централен настан за ДГМ во 2024 год. Учествуваа повеќе од 40 млади геотехнички инженери. Во реализацијата голем напор вложија младите геотехнички инженери од ДГМ, со поддршка на поискусните членови, што резултираше со многу успешна организација. Од страна на ИЗИИС беше извршена презентација за мобилната лабораторија МОБИЛАБ.
  3. Активности поврзани со изработка на интернет-страница за Eurock2026 и обновување на страницата на ДГМ.
- Јули-август:
  1. 30.6-05.7. Учество на 18-та Светска конференција за земјотресно инженерство (WCEE2024) во Милано (проф. Шешов, проф. Бојаџиева, проф. Един, м-р Дејан Ивановски, д-р Ангелова);
  2. 04-06.7. Во Варшава се одржа Петтата конференција EGRWSE, каде свои трудови презентираа колегите проф. д-р Катерина Доневска и проф. Папиќ. Притоа, се остварија контакти со бројни истражувачи од светот во полето на заштитата на животната средина.
  3. 09.7. Одржано покането предавање на проф. Бојаџиева на семинар Recent work from European funded projects на geotechnical weekly meeting при UCLA, Los Angeles, USA.
  4. 15-19.7. Проф. Јовановски и проф. Пешевски учествуваа на Eurock2024 во Аликанте, Шпанија, каде имаа презентација на труд и водење на сесија.
  5. 26-30.8. Во Лисабон се одржа XVIII Европска конференција за механика на почви и геотехничко инженерство. ДГМ беше застапено со шест свои членови кои, покрај презентирање на трудови, имаа задачи во водење на

сесии, модерирање на дискусии, работа при ТК, учество на состанок на европските друштва, каде беше поднесен извештај за EYGEC во Демир Капија, а проф. Мицковски одржа и предавање во рамки на стручен семинар. Се зацврстија односи со повеќе лица од раководни структури на ISSMGE и од национални здруженија, се остварија нови релации, а се пренесоа и искуства кон следните организатори на EYGEC.

- Септември:

1. Проф. Един одржа клучно предавање на 5-та Меѓународна конференција за применети науки, инженерство, математика и архитектура (ICASEMA 2024) одржан при МБУ, со учество и на проф. Бојаџиева, проф. Шешов, м-р Китановски, м-р Ивановски и м-р Петров.
2. 22-27.9. Учество на проф. Јовановски на ISRM Меѓународен симпозиум 2024 и 13-та Азиски симпозиум за механика на карпи (ARMS13) во Њу Делхи со презентација на труд.
3. 27-29.9. во Охрид се одржа V конгрес на Македонското геолошко друштво, каде наши членови беа дел од организационен и научен одбор, и имаа презентации на трудови.

- Октомври:

1. 03-4.10. Прослава по повод 75 години од основање на ГФ, и свечена академија пропратена со меѓународна конференција, на која, на покана на ДГМ и КГТ, предавачи беа д-р Бартон, проф. Сагламер, проф. Вркљан, проф. Јовичиќ и проф. Улусај.
2. 17-18.10. Учество на проф. Јовановски со презентација на повикан труд на конференција GEO-EXPO 2024 во организација на Друштвото за геотехника на БиХ во Лукавац.
3. 18-19.10. Членови на ДГМ партиципираа на конференцијата на ЗМКГБ „Инженерството на брани во услови на енергетска транзиција и остарена хидротехничка инфраструктура“.

- Ноември:

1. 02-03.11. Проф. Јовановски зеде учество со труд на 21-ва конференција за механика и инженерство во карпи, што се одржа во Кина.
2. 05.11. Повеќемина членови на ДГМ зедоа учество на целодневна обука за проектанти за стабилизација на косини и ископи со почвени клинови, која се одржа во Белград, во организација на Dlubal, Geo5, Ischebeck Titan, Geobrugg, поддржувачи на работата на ДГМ.
3. 21.11 Одржано покането предавање на проф. Един на академски форум за „Проценка и управување со ризик од уништување на културно наследство“ организирано од Албанската академија на науки во Тирана.

- Декември:
    1. 06.12. Во организација на Словенечкото геотехничко друштво се одржаа 23-ти Шукљеови денови, а предавањето „Вештачка интелигенција во транспортна геотехника“ го проследија повеќе членови на ДГМ.
    2. 16.12. Две поканети предавања од нашите колеги од Геотехничкиот факултет од Вараждин, Хрватска во ИЗИИС: доц. д-р Давор Станко – „Преглед на заедничка соработка на проекти на Хрватската научна фондација: SeisRICHerCRO & SIGMATOPCRO - избрани резултати“ и проф. д-р Игор Петровиќ – „Мерење на механички параметри на биосушен отпад“.
- Континуирано учество во работата на: ТК 11 – Геотехника при ИСРСМ, преку кои се следат и активностите на меѓународни технички комитети; технички комитети при ISSMGE; комисии при ISRM; за формирање на Тарифник за геотехника; обуки за Еврокод 7 во Србија; Инженерска институција на Македонија; известувања за позначајни семинари и предавања (дел од нив одржани во е-форма).
- Реализирани бројни активности поврзани со организацијата на EYGEC 2024 и EUROCK 2026, Resylab 2027, 9$^{th}$ International Conference for Earthquake Geotechnical Engineering in Croatia in 2029 (ДГМ се јавува како коорганизатор со TC203 Earthquake Geotechnical Engineering and Associated Problems, и Croatian Geotechnical Society).
- Членови на ДГМ редовно се информирани и ги следат меѓународните вебинари во организација на проф. Кришна Реди од Чикаго.
- Реализирани неколку состаноци на Извршниот одбор на ДГМ поврзано со организација на 5ти состанок на Европските геотехнички друштва во Скопје, планирано за 23.1.2025 год.
- Во ISSMGE Bulletin 18-3 од Септември 2024 е промовирана Автобиографијата на поранешниот претседател Педро Пинто, во која на ДГМ му е посветено соодветно внимание, при што е споменат Board Meeting-от на ISSMGE одржан во Скопје во 2018 година, семинарот за еврокод 7 и 8 одржан во 2008 во Охрид.

Се забележува сѐ позачестено присуство на членови на ДГМ со значајни улоги при меѓународни настани, учества во уредувачки одбори на списанија, научни и технички комитети.

## 3. МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

Од преостанатите средства од минатата година, Друштвото ги покри следните расходи:

- Трошоци за банкарски провизии и сметководствени услуги
- Административни трошоци (адвокатски услуги)
- Годишни членарини во меѓународните друштва
- Стипендирање студенти
- Регистрација, изработка и одржување на веб-страна за EYGEC2024
- Одржување на домен (mag.net.mk)

Покрај сите овие финансиски трансакции во минатиот период, до моментот на одржување на Собранието на сметката на ДГМ има средства во висина од околу 2 102 211 ден. Состојбата со приходи и расходи е подетално прикажана во прилог на овој Извештај. Може да се заклучи дека состојбата на сметката е поволна за здружение од ваков карактер и овозможува покривање на проектираните трошоци во тековната година, но со оглед на карактерот на конференцијата ЕУРОК 2026 ќе бидат потребни значителни дополнителни средства. Со оглед на константните одливи поврзани со континуирано присуство во значајни меѓународни асоцијации од областа на геотехника, покривањето на школарини на студенти на прв и втор циклус студии, иако свесни и за  други околности на работа во услови, се апелира за редовно покривање на корпоративните членарини на фирмите во ДГМ.

## 4. ЗАВРШНИ СОГЛЕДУВАЊА

Во рамките на овој Извештај, направен е осврт на активностите на ДГМ во текот на 2024 год. Како што можеше да се види, продолжено е со соработка со сродни друштва и институции, како и со одржување на настани, а посебен акцент е даден на меѓународното присуство и учеството на млади геотехнички инженери. Етаблираните конекции со меѓународните друштва за механика на почви и механика на карпи, добивањето на можности за организирање на значајни настани на Европско тло, и постојаната комуникацијата со сродните друштва во светски рамки, го одразуваат успешното делување и работа на друштвото во големата геотехничка заедница во Европа и пошироко. Се цени дека зад нас е уште една плодна година, која го потврди ДГМ во значаен регионален партнер и сè повеќе препознаен во интернационални рамки. Имајќи го сето ова предвид, изразувам благодарност за пружената поддршка и реализираната работа до сите членови на Друштвото, која верувам дека ќе остане константа.

Со почит,

Претседател,

П. Игор

проф д-р Игор Пешевски

ДГМ
MAG

ДРУШТВО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN ASSOCIATION FOR GEOTECHNICS

**Годишен финансиски извештај за**
**ДРУШТВО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА**
**за 2024 година**

| **Ставка** | **Износ [ден.]** |
|---|---:|
| **Приходи остварени во период од 01.01.2024 до 31.12.2024** | **4.214.409** |
| **Расходи остварени во период од 01.01.2024 до 31.12.2024** | **2.102.754** |
| **Разлика на приходите над расходите** | **2.111.655** |
| | |
| **Вкупниот приход е остварен по основ:** | |
| Пренесен приход од минатата година | 1.578.231 |
| Членарини | 0 |
| Приходи од котизации | 1.945.378 |
| Приходи од услуги-ИЗИИС EYGEC2024 | 102.285 |
| Позитивни курсни разлики | 42.379 |
| Приходи од спонзорства | 576.910 |
| **Вкупно** | **4.214.409** |
| | |
| **Расходот е по основ:** | |
| Стипендирање на студенти по геотехника | 197.000 |
| Набавка на материјали | 25.332 |
| Провизија | 38.267 |
| Членарина во здруженија | 81.596 |
| Правни и сметководствени услуги | 13.888 |
| Сместување на гости | 1.307.761 |
| Одржување на веб страна | 20.766 |
| Графичко решение за Лого | 21.630 |
| Трошоци за репрезентација | 31.500 |
| Домен | 799 |
| Банер | 19.045 |
| Мејлови | 50.882 |
| Негативни курсни разлики | 14.415 |
| Печатење | 17.810 |
| Фризби материјал | 16.048 |
| Музика | 19.116 |
| Снимање | 11.303 |
| Ди Џеј | 32.292 |

| | |
|---|---|
| Превод | 83.000 |
| Такси | 73.800 |
| Авио Карти | 26.504 |
| **Вкупно** | **2.102.754** |

Лице одговорно за составување на финансиски извештај за 2024,

Потпис

Лице одговорно за потпишување на финансиски извештај за 2024,

П. Игор

Потпис

Во Скопје, 31.12.2024 год.

ДГМ
MAG
ДРУШТВО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN ASSOCIATION FOR GEOTECHNICS

Врз основа на член 24 од Статутот на ДГМ, и одлуката на ДГМ донесена на Годишното собрание одржано на ден 27.11.2015 година, на предлог на Извршниот одбор на ДГМ, на седница одржана на ден 21.2.2025 год. донесува

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗБОР НА НОВ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОДДЕЛЕНИЕ НА МЛАДИ ГЕОТЕХНИЧАРИ ЗА МАНДАТЕН ПЕРИОД 2025-2027**

1. Друштвото за геотехника на Македонија донесува одлука за Претседател на млади геотехнички инженери за период 2025-2027 да биде избрана м-р Тамара Јовановска.

2. Одлуката стапува во сила на денот на одржување на Годишното собрание на ДГМ.

Друштво за геотехника на Македонија
Претседател,
Вонр. проф. д-р Игор Пешевски

Врз основа на член 24 од Статутот на ДГМ, на предлог на Извршниот одбор на ДГМ, на седница одржана на ден 21.2.2025 год. донесува

# ОДЛУКА
## ЗА АНГАЖМАН НА НАДВОРЕШЕН СОРАБОТНИК ЗА ОДРЖУВАЊЕ И АЖУРИРАЊЕ НА ВЕБ СТРАНА ЗА EUROCK2026 И ВЕБ СТРАНАТА НА ДГМ

1. Друштвото за геотехника на Македонија донесува одлука за ангажман на надворешен соработник за одржување и ажурирање на веб страницата за конференцијата Eurock 2026 и веб страната на ДГМ.
2. Ангажманот се однесува за периодот до одржување на конференцијата Eurock 2026 со можност за продолжување, за што ќе се донесе одлука од страна на собранието на ДГМ.
3. Одлуката стапува во сила на денот на одржување на Годишното собрание на ДГМ.

Друштво за геотехника на Македонија

Претседател,

П. Игор

Вонр. проф. д-р Игор Пешевски

Врз основа на член 16 од Статутот на Друштвото за геотехника на Македонија (ДГМ), Собранието на ДГМ на својата Седница одржана на ден 21.2.2025 год. донесе

**ГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАБОТА НА ДГМ**

**ЗА 2025 ГОДИНА**

**Член 1**

Годишниот план за работа на ДГМ ќе се реализира преку вршење на дејностите дефинирани во Статутот на ДГМ (во натамошниот текст: Статут).

**Член 2**

ДГМ ќе ја организира и остварува својата активност во тек на годината континуирано.

**Член 3**

ДГМ ги планира остварувањето и развојот на дејностите за кои е основано во согласност со средства од самофинансирачки активности, членарини, донации и сл.

**Член 4**

ДГМ ќе остварува соработка со сите придружни членки, високообразовни и научни установи и Комората на овластени архитекти и овластени инженери, Стопанската комора на Македонија, Инженерската институција на Македонија и Институтот за стандардизација согласно со Статутот и Одлуките на Извршниот одбор (ИО) на ДГМ, врз основа на потпишани меморандуми за соработка.

**Член 5**

Дел од планираните активности за 2025 год. се:

1) Организација и реализација на 5$^{ти}$ состанок на Европските геотехнички друштва во рамки на ISSMGE во Скопје 23.1.2025.
2) Доуредување на web страната на ДГМ со нови содржини и редовно освежување со податоци.
3) Активности поврзани со организација и промоција на EUROCK кој во 2026 година ќе се одржи во Скопје (формирање на организационен и научен одбор, изработка на web страница, испраќање покани до предавачи, спонзори и раководители на комисии при ISRM, пред-резервација на хотел и др.).
4) Почетни активности за организација на 7$^{ми}$ Регионален симпозиум за свлечишта во јадранско-балканскиот регион – ReSyLAB 2027.
5) Почетни активности за ко-организација на меѓународна конференција со Хрватско Геотехничко друштво за конференција 9$^{h}$ International Conference on Earthquake Geotechnical Engineering (9ICEGE), Сплит 2029.

6) Во соработка со Одделението за геотехника при КОАОИ ќе се организираат повеќе активности: организирање на настани во рамки на „Геотехнички денови“;
7) Учество на трилатерален состанок на наши млади геотехничари заедно со колеги од Австриско и Германско геотехничко друштво.
8) Продолжување со учество во работата на ТК 11 при ИСРСМ.
9) Членови на ИО на ДГМ ќе земат учество на редовните состаноци на Советот на ISSMGE и состаноци на европските друштва на ISSMGE и ISRM.
10) Ќе продолжи учеството на членови на ДГМ во работата на ТК при ISSMGE и комисии при ISRM.
11) За потреби на користење на точна стручна терминологија, ќе се продолжи со ажурирање и преведување на лексиконот на ISSMGE, од страна на Одделението за млади геотехничари.
12) Други планирани учества на конференции.
13) Активности за промоција на студиите по геотехничко инженерство, преку телата на ГФ и самостојно преку членовите на ДГМ.
14) Информации за случувањата ќе се објавуваат и на интернет-страната mag.net.mk, која ќе продолжи да се одржува од страна на Одделението на млади геотехничари, како и на LinkedIn профилот на ДГМ.

**Член 6**

ДГМ ќе продолжи со организирање на предавања на истакнати стручњаци од регионот и пошироко, тркалезни маси, семинари, презентации, обуки од интерес на членовите на Друштвото, за што редовно ќе ги информира по електронски пат (е-пошта, интернет-страница, и сл.).

Членовите на ДГМ ќе се заложат за издавање на универзитетска литература од обласа на геотехниката.

**Член 7**

Членовите на ДГМ ќе учествуваат со свои трудови на симпозиуми, конгреси и други научни и стручни собири во земјата и странство од кои засега е потврдено учество на:

- ISRM European Rock Mechanics Symposium EUROCK2025 16-20.6.2025, Трондхајм, Норвешка.

- Геотехнички аспекти на градежништвото, Врњачка Бања, средина на октомври;

Членовите на ДГМ се охрабруваат да земат учество и во работата на техничките комитети при меѓународните друштва, а преку најава и номинација од претседателството на ДГМ.

**Член 8**

ДГМ ќе пружи поддршка и во услови на неповолни појави во природата или општеството кои загрозуваат животи и материјални добра, а кои се во домен на неговата дејност.

**Член 9**

ДГМ ќе врши и други работи утврдени со закон, Статутот и другите акти на ДГМ.

**Член 10**

Средства за реализација на активностите на ДГМ се обезбедуваат врз основа на:

- вршење образовни услуги на домашни и странски физички и правни лица;
- вршење високостручни услуги (изработка на проекти, страгегии, студии, ревизии, мислења, експертизи, мислења и сл.) на домашни и странски физички и правни лица;
- партиципација од членарини и уплати од придружните членки;
- приходи од котизации;
- приливи од спонзорства и финансиско-материјални поддршки;
- други извори.

**Член 11**

Одлуката влегува во сила со денот на усвојување на Годишното собрание на ДГМ.

Претседател на ДГМ,

Проф. д-р Игор Пешевски